ЈКП „КОМУНАЛЕЦ“ Прилеп со Ц.О.			
Примено:	21.10.2024		
Орг.ед.	Број	Прилог	Вредн.
02-	1775/6		

Тригодишна програма за решавање на проблемот со сопственичките и бездомните кучиња на територија на Општина Прилеп 2025 - 2027

1. Вовед

Програмата за решавање на проблемот со сопственичките и бездомните кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, е во согласност со Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“бр.149/14; 149/15 и 53/16) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање и здравствена заштита на бездомните и сопственичките кучиња, односно мерките за намалување нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, како и контрола на нивниот број; условите,организацијата и обемот на извршување, начинот на финансирањето; уредено со законски обврски.

„Залови - стерилизирај – вакцинирај - врати“е проценета како ефикасна стратегија која ќе продолжи да се применува и да биде дел од новата програма во Прифатилиштето за кучиња ЈКП “Комуналец” Прилеп.
Проценката на ефикасност, економска исплатливост, успешна здравствена заштита на кучињата и на населението и етичката исправност на методата е утврдена според:

- Трошоците се еднократни и разумни.
- Нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштето.
- Стерилизираните/кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат.
- Вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција на други единки со што се превенираат болести.
- Хормоналниот статус им е урамнотежен и кучињата не се агресивни.
- Случаевите на каснувања опаѓаат за 95%.
- Нема глутници кои се резултат на женки во циклус.
- Кучето е вакцинирано, тестирано и третирано против вантрешни и надворешни паразити.
- Обележано е со ушна маркица и познато му е на населението, а има и поголеми шанси да се вдоми.
- Се воспоставува контрола на теренот при што се исклучува можноста за појава на Беснило.
- Со позитивните законски акти кои го опфаќаат одговорното сопственишство и нивна доследна примена, проблемот се решава ефикасно, хумано и трајно.

Истовремено, во Програмата за решавање на проблемот со сопственичките и бездомните кучиња се уредуваат мерките кои ќе резултираат со зголемување на одговорноста на сопственичките кучиња, согласно член 27 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“бр.149/14; 149/15 и 53/16), нивно одговорно и совесно чување, како почитување на законските одредби од Правилникот за идентификација и регистрација на домашните миленици („Службен весник на РМ“бр.95/12 од 01.02.2013).

2. Основни цели на Програмата

Главнате цели на Програмата 2025 - 2027

- намален број на напуштени кучиња кои се наоѓаат на јавни површини,
- намалување на каснувањата на граѓаните,
- спречување на нарушување на јавниот ред и мир,
- намалување на трошоците за плаќање оштета на каснатите граѓани,
- спречување на ширење на заразни и паразитарни болести и
- генерално подигнување на свеста кај граѓаните во однос на начинот на држење и чување на кучињата.

ЈКП “Комуналец” Прилеп ќе ги постигни целите преку реализација на следните активности и мерки:

- Спроведување на стратегијата „залови – стерилизирај – вакцинирај – врати“ на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица;
- Вдомување;
- Волонтирање;
- Едукација

односно казнени мерки[1]:

- Казнени мерки за неспроведување на закон за физичко лице;
- Казнени мерки за неспроведување на закон за правно лице.

Спроведувањето на оваа програма воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на напуштени кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што се избегнуваат непријатностите и потешките последици за граѓаните и самите животни.

3. Мерки

1) Спроведување на стратегијата „залови – стерилизирај – вакцинирај – врати“ на бездомните кучиња.

   Стратегијата „залови – стерилизирај – вакцинирај – врати“ вклучува:

   - Заловување и транспорт на кучето;
   - Прием и преглед по следниот редослед и план:
     - Претходно запознавање со кучето (опис и податоци за потеклото за животното);

[1]Предвидени Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“бр.149/14; 149/15 и 53/16), со кои ќе се поттикне и дефинира одговорното чување на домашни миленици (забрана за неконтролирано размножување на миленициите освен во услови дефинирани со Законот, како и забрана за нивно напуштање). Согласно Закон, за постапување по однос на казнените мерки е надлежна Агенцијата за храна и ветеринарство;

- Испитување на општата состојба на кучето, што вклучува: одредување на телесна градба, ухранетост, темперамент, положба на телото во просторот, конституција и тријаз (температура и дишење);
- Специјално испитување како што се преглед на кожа и поткожно сврзно ткиво, преглед на слузокожа, испитување на органи за дишење, испитување на органи за варење, испитување на органи за мокрење и испитување на органи за движење;
- Тестирање на лајшманиоза по акредитирана метода;
- Дехелминтизација (третман против внатрешни паразити);
- Третман против надворешни парзити;
- Идентификација и регистрација;
- Стерилизација или кастрација[2];
- Вакцинација против беснило;
- Тест за социјализација од овластено лице;
- Враќање[3].

2) Вдомување

Посвојување и вдомување е најхуман начин за згрижување на напуштените кучиња. Сите животни кои се вдомуваат, мора да бидат вакцинирани, стерилизирани и да имаат микрочип.
Вдомувањето се одвива со постапка на потпишување изјава за совесно и одговорно чување како и пополнување на апликација со цел да се има увид и контрола на местото на живеење и начинот на одгледување на кучето. Поради строгата евиденција, потенцијалниот сопственик на бездомно куче, заедно со апликацијата треба да приложи и документ за идентификација. Прифатилиштето го задржува и правото на контрола на вдомените кучиња.
Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни, прифатилиштетосоработува со сите граѓани, љубители на животните, како и активистите и волонтерите кои се залагаат за подобар живот и благосостојба кај кучињата.
Истовремено, како посебна мерка за поефикасно вдомување на кучињата, секојдневно ќе се ажурираат и поставуваат информации на веб порталот на ЈКП „Комуналец“ – Прилеп, но и ќе се одржуваат едукативни-промотивни настани за вдомување, како и отворени денови за посета.

3) Волонтирање

Волонтирањето е начин на пружење на љубов и грижа на животните кои се напуштени или злоупотребувани од нивните сопственици или родени на улица и бараат нов дом. Тие најчесто се повредни, болни, истрауматизирани и се во очајна потреба за љубов и грижа.
Волонтерите ќе имаат задача да поминуваат време со животните и да се грижат за нив во периодот додека се лекуваат, односно во рековалесцентниот период. Волонтерите ќе имаат задача да ги шетаат кучињата, да им спремаат храна, да ја одржуваат хигиената во боксовите и да поминуваат време придружено со многу љубов и внимание. Истовремено, за оние волонтери кои се заинтересирани запоквалитетна едукација можат да добијат совети за правилна нега и третман на кучињата, како и да присуствуваат на ветеринарните интервенции кои ќе бидат изведувани во прифатилиштето.

Ова е одлична шанса слободното време да се поминува на еден хуман начин, но и да се помогне на заедницата и општеството.

4) Едукација

[2]Хируршките интервенции се извршуваат во ветеринарна установа, избрана по пат на тендерска постапка;
[3]Односно повторно враќање на животните на локацијата од каде што биле заловени, доколку не се претходно вдомени;

Една од мерките на оваа Програма е едукација и информирање на јавноста со активностите на истата. Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните кучиња, па затоа од фундаментално значење е промовирање на едукативни кампањи. За да се постигнат споменатите резултати, во овие кампањи покрај сопствениците на животни, ќе се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (на пример, училиштата и медиумите), како и луѓето кои работат со животни (односно ветринарите, ветинарните техничари, раководителите на приватните ветеринарни станици итн.)преку организирање на јавни трибини, едукативни предавања, интерактивни работилници, хуманитарни акции и сл. Тука, особено се истакнува делот на едукација кај најмладите, бидејќи е многу важно да знаат како да се однесуваат со бездомно куче и како да му пристапат.

Главните аспекти се однесуваат на следново:

- Да се воведе концептот на одговорно сопственишство, вакцинација, идентификација и регистрација, како и редовно прочистување од надворешни и внатрешни паразити;
- Да се поттикнат и промовираат најдобрите практики од соседните земји;
- Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на миленициte;
- Да се поттикнат волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување;
- Да се охрабри вдомувањето на бездомни кучиња;
- Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи.

5) Целта на Мерката “Читач” е да ги поттикне сопствениците на кучиња на територијата на општината законски да ги идентификуваат своите миленици и да се превземат санкции: опомена од комунална инспекција.
Акцијата “Читач” е планирана како тимска работа на прифатилиштето за кучиња и комуналната инспекција со опрема Микрочип скенер со што ќе се олесни одржувањето на комуналниот ред на територијата на општина Прилеп. Сопствениците кај кои е констатирана неправилност при комуналниот надзор, ќе добијат записник и одреден рок во кој мораат прописно да ги микрочипираат своите кучиња во ветеринарна амбуланта по свој избор. Доколку тоа не го направат, комуналната инспекција после истекот на одредениот рок, ќе ги санкционира сопствениците со парична казна по пат на прекршочен налог или со поднесување на барање за почнување на прекршочна постапка.

6) Спроведување на Анкета за одговорно сопственишто со цел добивање поширока анализа од терен и процент на нерегистрирани сопственички кучиња. Анкетата се спроведува според план во секоја населба од градот и подетално во секоја улица. На тој начин ќе се види и одговорното сопственишто од блиску и ќе се процени ризикот за појава на бездомни кучиња на теренот. Анкетата е составена од четири прашања кои бараат краток одговор. Во прилог:

Анкета за одговорно сопственишто

Населба _____

1. Дали вашето куче е микрочипирано?
2. Дали вашето куче е вакцинирано?
3. Дали сте размислувале за кастрација и стерилизација на вашиот миленик?
4. Дали знаете дека пуштање на кучето слободно без поводник на јавни површини е казниво со закон?

7) Предлог за ловџиски друштва, конолошки друштва и одгледувачници.
Како сериозни друштва, покрај евиденција на нивните членови, треба да имаат и евиденција на своите миленици и ловџиски кучиња. Тоа е нивната законска обврска: микрочипирање и вакцинација против Беснило, која многу вешто ја избегнуваат. Што треба да направи едно друштво за подигање на свеста на своите членови за одговорно сопственишство?
Разговор со членовите и точка на дневен ред: микрочипирање, казнување и стерилизација
Причини за напуштање на кучињата:
- ✓ Болест (Лајшманија, Срцев црв...)
- ✓ Мани при лов и фокусирање на пленот.
- ✓ "Кратка употреба" на ловечкото куче, затоа што треба да се храни и да се згрижи, за да биди во кондиција до идната ловна сезона.
- ✓ Ловџиите се навредуваат дека кучињата не се добри.

- Дали некогаш нашите друштва разговараат за значењето на стерилизацијата или мислат дека е нормално кога во една населба се наоѓаат два картони со 15 кучиња од ловечка раса до контејнер. Дали некогаш некој е казнет или се делат само награди за освоени први места во убавина?
- Сите горенаведени се причина за напуштање на кучињата и оставени сами да се снајдуваат и да преживуваат на улица.
- Одговорноста не смее и не можи да биди колективна (друштва), туку поединечна (несовесен и неодговорен ловец, одгледувач, сопственик) Ние, како Прифатилиште се трудиме да влијаеме на намалување на проблемот.
- "Добро ловечко куче нема цена" и сите сопственици треба да се грижат според таа изрека кон своите миленици и состојбата би била значително подобра. Моментално, единствената мерка на која се потпираме е вдомувањето заедно со едукацијата.

8) Трибина
Првенствено се однесува на промоција на вдомување на бездомни кучиња и одговорно сопственишство, наспроти популарното купување на скапи расни кучиња. Во нашиот град има голем број на случаеви на неодговорно сопственишство и огромен број на напуштени кучиња, оваа трибина е начин да се објасни со непосреден разговор, комуникација и изнесување на факти и различни примери, што претставува одговорното сопственишство и кои се обврските на сопственикот, основните потреби и различните одговорности. Целта на трибината вклучува:
- Пронаоѓање на волонтери кои редовно ќе го посетуваат прифатилиштето и ќе ги отстрануваат сите недостатоци, подобрувајќи ја работата и условите во кои престојуваат бездомните кучиња
- Вклучување на граѓаните и поддршка при вдомувањето, а не само пријавување на бездомните кучиња. Тоа значи: повеќе вклученост за поттикнување и спасување на кучињата во семејство и нов дом
- Активирање на комуналната инспекција за спроведување на соодветно казнување на неодговорното сопственишство

- Јавна обука за значењето и важноста на вдомувањето (сите бездомни кучиња имаат своја приказна и сите имаат свој карактер)
- Во прифатилиштето добиваат лична карта со микрочипирање и основна здравствена зашатита
- Да се биде одговорен сопственик на куче (да се биде сопственик на домашен миленик е привилегија. Одговорното сопственишство е сериозна посветеност затоа што одзема време и енергија)

  Кучињата се мерка за нашиот карактер и се многу осетливи на чувствата на својот сопственик. Научно е докажано дека тие луѓе кои се склони кон неуротичност, во најголем број случаеви имаат непослушни и немирни кучиња.

9) Предлог барање до општина Прилеп: субвенции за стерилизација на сопственички кучиња. Целта на субвенционирањето на стерилизација на сопственички кучиња е намалување на неконтролирано размножување на домашните миленици и намалување на бројот на бездомни кучиња на територијата на општина Прилеп.

- Пријава: Барање, копија од лична карта, понуда од ветеринарните амбуланти во вид на профактира со прецизна спецификација, фотокопија од пасошот на кучето (првите три страни)
- Исполнување на услови
- Мејл за прашања
- Конкурс и образецот достапни на огласна страна на општина Прилеп

4. Казнени мерки

Програмата се базира на утврдување и спроведување на контрола и поднесување на прекршочни казни според законски одредби од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“бр.149/14; 149/15 и 53/16), каде одговорен вршител на казнените мерки е Агенцијата за храна и ветеринарство и Комуналниот ред на Општина Прилеп, каде одговорен вршител на казнените мерки е Општина Прилеп,со кои ќе се поттикне и дефинира одговорното чување на домашни миленици и ќе се воспостави комунален ред.

➢ Казнени мерки за неспроведување на закон за физичко лице

- Според член 64 став 1 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“бр.149/14; 149/15 и 53/16) глоба од 30 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на физичко лице ако:

  - Постапи спротивно со одредбите на член 27 став (1) на овој закон, односно спостваниците на кучиња се должни да ги пријават своите кучиња еднаш годишно во ветеринарните амбуланти, клиники и болници кои се овластени за спроведување на ветеринарно здравствена заштита од јавен интерес во нивното место на постојан престој, со цел да ги регистрираат и идентификуваат, како и да ги исполнат одредбите во однос на здравствената заштита согласно со прописите од областа на ветеринарното здравство. Трошоците за овие постапки се на товар на сопствениците на кучиња;
  - Постапи спротивно од одредбите на член 27 став (2), односно не истакне табла со која недвосмислено се укажува на присуство на куче;
  - Постапи спротивно од одредбите на член 27 став (3), односно кога се на јавно место кучињата не се држат врзани;

- Постапи спротивно од одредбите на член 26 став (5), односно не го пријави леглото од своите животни во овластена ветеринарна амбуланта, клиника или болница, не ги идентификуваат младенчињата пред да ги вдомат и не ги пријават лицата кај кои ги вдомиле;

- Според член 65 став 2 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“бр.149/14; 149/15 и 53/16) глоба од 150 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на физичко лице ако:

  - Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (1), односно не дејствува на хуман и грижлив начин на животните;
  - Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (2), односно животните се сместени на начин со кој не се избегнува штетното влијание на надворешните фактори на животната средина, како што се бучавата, вибрацијата и атмосферското загадување;
  - Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (4), односно на животните не им е обезбедено нормално однесување имајќи го во предвид видот, старосната категорија и нивните физиолошки и етолошки потреби;
  - Постапи спротивно од одредбите на член 26 став (2), односно доколку сопственикот напушти домашен миленик;
  - Постапи спротивно од одредбите на член 30 став (3), односно сопственикот или одговорното лице за опасно куче не обезбеди услови за држење на опасно куче соодветно на расата, потребите и карактеристичното однесување, при што вклучително треба кучето да го чува во заграден простор или врзано и при движење кучето да го стави на поводник и да му стави заштитна маска;
  - Постапи спротивно од одредбите на член 30 став (4), односно опасните кучиња при движење не се придружувани од полнолетно лице;
  - Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (10), односно се обложува на борба со животни за било каква намена;
  - Постапи спротивно од одредбите на член 12 став (4), односно сопствениците на обезбедиле соодветни живеалишта и простор за сместување и опрема која ги исполнува минималните стандарди за заштита и благосостојба на животните.

- Според член 66 став 2 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“бр.149/14; 149/15 и 53/16)глоба од 200 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на физичко лице ако:

  - Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (3), односно не обезбеди секојдневно вода за напојување со соодветен квалитет и соодветна хранлива, хигиенска и избалансирана храна за животни во согласно со нивната старост и вид заради одржување на здравјето и физиолошките потреби;
  - Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (8), односно изведува хируршки интервенции без соодветна употреба на целосна или локална анестезија и предизвикува непотребна болка или страдање на животното;
  - Постапи спротивно од одредбите на член 12 став (1), односно сопствениците на животни не обезбедиле заштита и благосостојба на животните кои се под нивна грижа и не спречиле нанесување на непотребна болка, страдање или повреда;
  - Постапи спротивно од одредбите на член 12 став (2), односно сопствениците на животни не обезбедиле соодветни услови за животните;
  - Постапи спротивно од одредбите на член 26 став (3), односно изврши забранети интервенции како што се девокализација, хируршки интервенции за модифицирање за

изгледот на животните, скратување на опашката и потсекување на ушите и отсекување на канџи и обеззабување;

- Постапи спротивно од одредбите на член 26 став (4), односно домашните миленици ги користи за рекламирање, изложби, спортски натпревари и слични настани, а не ги исполнил одредбите од член 4 став на овој закон и доколку здравјето и благосостојбата на животното се доведени во прашање;
- Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (15), односно убива, изложува на болка, страдање и патење на животните при нивна употреба во филмови, реклами и останати комерцијални цели;
- За прекршокот од член 66 став 1 точка 46), освен глоба на физичкото лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка, одземање на животното.

- Според член 67 став 2 од Законот за заштита и благосостојба на животните бр.149/14; 149/15 и 53/16) глоба од 3000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на физичко лице ако:

- Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (6), односно предизвикува болки, патење или повреди, сурово и нехумано се однесува кон животните и ги убива спротивно од одредбите на Законот за заштита и благосостојба на („СлужбенвесникнаРМ“бр.149/14; 149/15 и 53/16);
- Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (10), односно е вклучено, поттикнува, организира, рекламира, одржува и организира обложување на борби со животни за какви било намени;
- За прекршокот од член 67 став (1), освен глоба на физичкото лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка, одземање на животното.

➢ Казнени мерки за неспроведување на закон за правно лице

- Според член 64 став 3од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“бр.149/14; 149/15 и 53/16)глоба од 100 евра во денарска противвредност на правното лице, односно 60 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице ќе им се изрече ако:

- Постапи спротивно од одредбите на член 26 став (5), односно не го пријави леглото од своите животни во овластена ветеринарна амбуланта, клиника или болница, не ги идентификуваат младенчињата пред да ги вдомат и не ги пријават лицата кај кои ги вдомиле односно не го пријави леглото од своите животни во овластена ветеринарна амбуланта, клиника или болница, не ги идентификуваат младенчињата пред да ги вдомат и не ги пријават лицата кај кои ги вдомиле;
- Постапи спротивно од одредбите на член 26 став (6), односно одгледувачниците на домашни миленици не водат евиденција за домашните миленици и истата не ја чуваат 3 години и не е достапна на увид на барање на Агенцијата;
- Постапи спротивно од одредбите на член 12 став (4), односно одгледувачите на животни не поседуваат вештини за одгледување, грижа и нега кон животните кои ги држат или не ангажираат соодветно квалификувани лица;
- Постапи спротивно од одредбите на член 26 став (9), односно одгледувачниците на домашни миленици и продавниците на домашни миленици не поднесат барање за регистрација во регистар на одгледувачници и продавници на домашни миленици.

- Според член 65 став 1 и став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“бр.149/14; 149/15 и 53/16) глоба од
-
- 500 евра во денарска противвредност на правното лице, односно 250 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице ќе им се изрече за ако:

    - Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (1), односно не дејствува на хуман и грижлив начин кон животните;
    - Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (2), односно животните се сместени на начин со кој не се избегнува штетното влијание на надворешните фактори на животната средина, како што се бучавата, вибрацијата и атмосферското загадување;
    - Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (4), односно на животните не им е обезбедено нормално однесување имајќи го во предвид видот, старосната категорија и нивните физиолошки и етолошки потреби;
    - Постапи спротивно од одредбите на член 26 став (2), односно доколку сопственикот напушти домашен миленик;
    - Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (10), односно се обложува на борба со животни за било каква намена;
    - Постапи спротивно од одредбите на член 26 став (6), односно одгледувачниците на домашни миленици не се регистрирани;
    - Постапи спротивно од одредбите на член 26 став (11), односно начинот и постапката на регистрација на одгледувачниците и продавниците на домашни миленици не се пропишани од директорот на Агенцијата како и барањата по однос на просториите и опремата за продавниците на домашни миленици и формата и содржината на евиденцијата која треба да ја водат одгледувачниците и продавниците на домашни миленици;
    - Постапи спротивно од одредбите на член 12 став (4), односно одгледувачите не обезбедиле соодветни живеалишта и простор за сместување и опрема која ги исполнува минималните стандарди за заштита и благосостојба на животните;

- Според член 66 став 1 и став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“бр.149/14; 149/15 и 53/16) глоба од 1500 евра во денарска противвредност на правното лице, односно 600 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице ќе им се изрече за ако:

    - Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (3), односно не обезбеди секојдневно вода за напојување со соодветен квалитет и соодветна, хранлива, хигиенска и избалансирана храна за животни во согласно со нивната старост и вид заради одржување на здравјето и физиолошките потреби;
    - Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (8), односно изведува хируршки интервенции без соодветна употреба на целосна или локална анестезија и предизвикува непотребна болка или страдање на животното;
    - Постапи спротивно од одредбите на член 12 став (1), односно сопствениците на животни не обезбедиле заштита и благосостојба на животните кои се под нивна грижа и не спречиле нанесување на непотребна болка, страдање или повреда;
    - Постапи спротивно од одредбите на член 12 став (2), односно сопствениците на животни не обезбедиле соодветни услови за животните;
    - Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (15), односно убива, изложува на болка, страдање и патење на животните при нивна употреба во филмови, реклами и останати комерцијални цели;
    - За прекршокот од член 66 став 1 точка 46), освен глоба на правното лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка, одземање на животното.

- Според член 67 став 1 и став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“бр.149/14; 149/15 и 53/16) глоба од 6000 евра во денарска противвредност на правното лице, односно 4000 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице ќе им се изрече за ако:

    - Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (6), односно предизвикува болки, патење или повреди, сурово и нехумано се однесува кон животните и ги убива спротивно од одредбите на Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“бр.149/14; 149/15 и 53/16);
    - Постапи спротивно од одредбите на член 4 став (10), односно е вклучено, поттикнува, организира, рекламира, одржува и организира обложување на борби со животни за какви било намени;
    - За прекршокот од член 67 став (1), освен глоба на правното лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка, одземање на животното.
    - За прекршокот од член 67 став (1), освен глоба на правното лице ќе му се изрече посебна прекршочна мерка, одземање на животните и ќе му се изрече прекршочна санкција привремена забрана на вршење на дејност во траење од 20 до 30 дена;
    - а прекршокот од член 67 став (1), освен глоба на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција, привремена забрана за вршење на неговата професија или должност во траење од 10 до 15 дена.

5. Прифатилиште

Во должноста со справување со проблемот со бездомните кучиња, овластен правен субјект од страна на Општина Прилеп е ЈКП „Комуналец“ - Прилеп, да ги работи активностите поврзани со бездомните кучиња и нерегистрираните кучиња. За таа цел, ЈКП „Комуналец“ – Прилеп има изградено прифатилиште за бездомни и нерегистрирани кучиња со оддалеченост од 600-650 метри од најблиските живеалишта од градот на адреса „Трајко Николоски“ бб. на самата периферија на градот Прилеп.

Прифатилиштето е изградено според пропишаните стандарди од Агенцијата за храна и ветеринарство и истото се состои од 13 индивидуални боксови одвоени едни од други на начин да се оневозможни контаминација со измет и урина од два соседни бокса. Боксовите се изградени со соодветна жичена ограда и истата е направена да не предизвикува повреди кај животните.

Прифатилиштето се состои од следните простории:

- Просторија за прием на животните;
- Просторија за преглед;
- Просторија за држење на животните;
- Просторија за карантин на животните;
- Просторија за персоналот;
- Испуст, односно простор каде кучињата слободно се движат.

Носители на дејноста се: доктор по ветеринарна медицина и истовремено овластено лице за вршење на тест за социјализација, двајца ветеринарни техничари и еден заловувач (сертифицирани од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје).

Ветеринарната заштита на животните се обезбедува од страна на персоналот на избраната по тендер ветеринарна установа.

- Заловување и транспорт

  Процесот на заловување на бездомните кучиња претставува првата процедура во прифаќање на кучињата. Квалитетот на заловувањето, однесувањето на персоналот кон јавноста и особено кон заловените животни дава позитивна слика за целата активност, секако без да ги траумира животните, изложи на физичка и психолошка болка, а последователно и да не предизвика несакани реакции од лицата во непосредната околина кои се грижат за кучињата, но и случајните минувачи. Заради тоа, персоналот е соодветно подготвен и сертифициран за користење на методите за хумано заловување, без предрасуди кон бездомните кучиња и способен да контактира со луѓето на начин кој нема да ја компромитира акцијата. Работниците ангажирани за заловување на бездомните животни се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило и приколка, јамки и мрежи за заловување, корпи-кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

  Транспортот од местото на заловување до стационарот се врши со специјално возило опремено со соодветна опрема за сместување на животните.
  Униформите и возилото се видно обележени со натпис.

- Медицински третман

  Бездомните кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, подложат на клинички преглед, проследен соиспитување на лајшманиоза, понатаму хируршки зафат – стерилизација или кастрација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни паразити, како и чипирање, односно обележување на бездомните кучиња со ушна маркица[4] на начин кој нема да му причинува никаква болка или траума. Секое животно е евидентирано во дата база на податоци во единствениот центар за идентификација и регистрација при Агенција за храна и ветеринарство. [5]

- Стерилизација (овариохистеректомија)

  Стерилизација е најефикасна мерка која спречува неконтролирано размножување, намалување на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулација на бројката на популација и прифатилишта. Исто така, воспоставува контрола и репродукција на сопствениците на кучиња, така што во наредните 3-4 години целосно би се решил овој проблем на напуштени кучиња.
  Стерилизацијата на женските и кастрацијата на машките животни се врши после детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот, ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат – стерилизираат и кастрираат.
  По завршената операција, оперираните животни се сместуваат во овластената ветеринарнаустанова каде што е извршена операцијата каде што престојуваат во период од еден ден за машките кучиња и два-три дена за женските кучиња. Во

[4]Тоа се оние бездомни кучиња кои после истекот на 30 дена од престојот во прифатилиштето, а кои не се вдомени, се враќаат на местото од каде што се заловени;
[5]Сите ветеринарни услуги и здравствена заштита на животните се извршуваат од страна на овластено ветеринарно друштво;

постоперативниот период животните се сместуваат во наменските кафези, односно боксови, се врши редовно хранење и се под постојан надзор од соодветни стручни лица. Боксовите во стационарот редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор на стационарот.

- Еутаназија

Еутаназија е постапка при која со помош на лекарства се предизвикува лесна и безболна смрт на кучињата кај кои ветеринарен лекар констатирал неизлечлива болест, болка поради која животното пати, односно опасни кучиња кои што нанеле телесни повреди и смрт, односно агресивни кучиња.
Според оваа Програма еутаназијата се изведува на кучиња кои се позитивни на тестот за лајшманиоза[6], кучиња кои без причина нападнале човек и му нанеле телесни повреди и смрт, кучиња кои се затекнати во организирана борба на животни и на тестот за социјализација е утврдено дека се агресивни[7], кучиња од одредени раси и нивни мелези кои заради нивните расни карактеристики можат да претставуваат опасност за луѓето и животните и кучиња кои на тестот за социјализација се прогласени за опасни[8].
Еутаназираните животни се отстрануваат на еден од законските пропишани начини и се закопуваат во специјално изградени гробни јами.

6. План за заловување на кучиња во 2025 - 2027 година

- Вкупно заловени кучиња
- Во 2019 година, се заловени вкупно 140 кучиња, 78 женски и 62 машки
- Во 2020 година, се заловени вкупно 110 кучиња, 60 женски и 50 машки
- Во 2021 година, се заловени 92 кучиња, 62 женски и 30 машки
- Во 2022 година, се заловени 106 кучиња, 60 женски и 46 машки
- Во 2023 година се заловени вкупно 113 кучиња, 67 женски и 46 машки
- Во 2024 година се заловени вкупно

- Неделен план за заловување на кучиња
- Теренска контрола подразбира присутност на теренот, прибирање информации од граѓаните, запознавање со движењето на бездомните кучиња, контакти до граѓаните и совети за правилно постапување, заловување на бездомните кучиња.
- Сите локации каде што се задржуваат бездомните кучиња и каде што најчесто се појавуваат проблемите ни се познати.
- Приоритет на секој дневен работен налог е централното градско подрачје (старата чаршија, плоштадот, основните и средните училишта)
- Пријавите кои се добиваат телефонски се покриваат тековно и најбрзо.

Неделниот план на активности се одвива според неделен план:

[6]Според годишната наредба за здравствена заштита на животните во 2019 од Агенцијата за храна и ветеринарство („Службен весник на Република Македонија“ бр.3 од 09.01.2019 год);
[7]Според Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“бр.149/14; 149/15 и 53/16)член 30 став (6), кучињата кои се затекнати во организирана борба со кучиња, а на тестот за социјализација се утврдува дека не се агресивни, истите се нудат на вдомување до 30 дена од денот на тестот за социјализација. Доколку се исцрпат можностите за вдомување, истите се еутаназираат;
[8]Според Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“бр.149/14; 149/15 и 53/16) член 30 став (1).

Понеделеник е ден кога се прави обиколка на критичните точки во градот, местата каде што кучињата направиле легла или се исхрануваат

- Џамија
- Комерцијална банка
- Влезот на пазарот
- ООУ “Кочо Рацин”
- Домот на културата
- Кружен тек кај стопанска банка
- Гимназија
- ООУ “Кире Гаврилоски”

Вторник е ден за контрола на населба Точила, основното и средното училиште, околу влезовите, акде што се поттикнати и водени од инстиктот за храна, претставуваат опасност за ученици, велосипедисти и случајни минувачи.

Среда е пазарен ден и вообичаено имаме појава на прилив на нови новодојдени кучиња во градот и околните села. Многу често се интервенира и се заловуваат, а тоа се обично големи, овчарски и агресивни кучиња.

- Кружен тек кај ООУ “Гоце Делчев”
- Улица Октомвриска
- Малите паркови на рид
- Улица “5та Прилепска”
- Во дворот на градска болница
- Театар

Четврток е ден кога се излегува на терен по пријава во јавните и приватните компании во градот и периферијата, каде што редовно има собиралишта на бездомни кучиња и ден кога се работи во локацијата околу касарните.

Петок е ден кога се организира акција за заловување на новите градски гробишта каде што имаме уште едно големо собиралиште на бездомните кучиња, заради специфичноста на теренот и храната која се остава.

По планот работиме принципиелно, но секогаш има пријави кои добиваат предност и се решаваат. Тоа се нерешени сопствеништва на кучиња кои прават штета на локацијата или каде што се недговорно чувани од сопствнеиците, итни пријави за напад на велосипедисти и моторцикли на отворен пат, бездомни кучиња кои залутале во малите градски населби. Сите тие активности според неделниот план се координираат и се надополнуваат со активности во прифатилиштето каде што кучињата се сместуваат и се работи на нивна социјализација, друштвени игри, се работи на дисциплина со многу љубов и внимание.

7. Одобрен е проект од инвестиционата програма за 2022 година, преку Пелагонски план за развој, со наслов: Подобрување на ефикасноста за заловување на бездомните кучиња и поголема контрола на популацијата на бездомни кучиња на територија на општина Прилеп. Проектот е вкупно 3.500.000,00 денари и се ставени во функција опремата и возилото во текот 2024 година:

Сет Дувалка за заловување на бездомни кучиња

	Продукти во сетот	Количина	Цена во ден. + ДДВ 18%
1.	Цевка за дување со прилагодување на уста 1,5 метар должина, ширина 14 мм	1	
2.	Лесен шприц со цевка од 5 мл	5	
3.	Игла за дувалка ширина 1,2мм / должина 38мм	5	
4.	Игла за обука ширина 1,5мм / должина 30мм	5	

5.	Комплет за полнење, шприцеви од 5 мл	1	
6.	Сет за чистење со волнена четка, ширина 14мм	1	
7.	Футрола за дувалката	1	
			40.000,00

Рабиес ракавици (ракавици за максимална заштита од пенетрација на заби)

	Дизајнирани за максимално и вешто ракување со кучиња	Ценаводен. + ДДВ 18% на еден пар	Вкупна цена во ден. + ДДВ 18%
1.	Отпорни на сечење		
2.	Огноотпорни		
3.	Обезбедуваат заштита од пенетрација на заби		
4.	Дебелина од 31цм со силна внатрешна постава за да спречи оштетување на раката		
5.	Количина	1	
		6.000,00	6.000,00

Кафез за куче

	Со преклопување, силен и издржлив, самоактивирачки	Цена во ден. + ДДВ 18% на еден	Вкупна цена во ден. + ДДВ 18%
1.	Се активира со затворање (спуштање) на вратата и самозаклучување под дејство на мала тежина на кучето, на специјална плоча монтирана на подот		
2.	Механизмите се лоцирани во надворешноста на кафезот за да се превенира самоослободување на кучето		
3.	Конструкцијата е од мрежеста и издржлива мрежа со големина од 5.08 x 5.08 цм, направена од челик, а обложена со цинк		
4.	Димензии: должина 131 цм ширина 52 цм висина 61 цм Тежина 17 кг		
5.	Количина	3	
		9.000,00	**27.000,00**

Флексибилен фаќач за кучиња

	Флексибилен, со висок квалитет	Цена во ден. + ДДВ 18%на еден	Вкупна цена во ден. + ДДВ 18%
1.	Создаден е од флексибилна поликарбонатна шипка, со должина од 1200мм, покриена е со пластика		
2.	Фаќач кој работи на принцип прилепување, плетениот кабел се фиксира на главата на животното и со отпуштање, автоматски се создава околувратник		
3.	Количина	4	
		6.000,00	24.000,00

Фаќач со брзо автоматско ослободување

	Пластично обложена јамка која се фиксира, се затегнува и автоматски се заклучува	Цена во ден. + ДДВ 18%на еден	Вкупна цена во ден. + ДДВ 18%
1.	Кабел кој овозможува лизгање на јамката, со цврст столб за безбедно повлекување, задржување и затегнување на главата на животното		
2.	Должина 152 цм		
3.	Количина	4	
		7.500,00	30.000,00

Дрвени куќарки за кучиња

	Дрвена куќарка за куче која многу лесно се монтира, водоотпорна и лесна за одржување и чистење	Количина	Цена во ден. + ДДВ 18% на една	Вкупна цена во ден. + ДДВ 18%
1.	Димензии за средна: (надворешно) Должина 85 цм Ширина 60 цм Висина 70 цм	5	7.160,00	35.800,00
2.	Димензии за голема: (надворешно) Должина 104 цм Ширина 80 цм Висина 9 0цм	5	8.110,00	40.550,00
				76.350,00

Микрочип скенер за кучиња

1.	LID200 Микрочип скенер во согласност со ISO 11784 и ISO 11785 нормите. Снабден е со USB кабел за полнење и LID200 внатрешна батерија. Автоматски се вклучува за штедење на батеријата. Пакет: LID200 скенер, USB кабел	Цена во ден. + ДДВ 18% на еден	Вкупна цена во ден. + ДДВ 18%
2.	Количина	2	
			28.000,00

Техничка спецификација на возилото:

Возило со две седишта	
Мотор дизел мин. ЕУ 5 стандард	
Работна зафатнина: мин. 1200 цм3	
Максимална силина мин. 66Kw	
Должина на возилото мин.4700мм	
Менувач мануелен	
Серво управувач со висинско подесување	

Електрика на предни стакла	
Клима уред (греење и ладење)	
Централно заклучување и отклучување	
Лизгачки врати од лева страна и десна страна	
Резервно тркало со димензии исти како возилото	
Систем на кочници со ABS или еквивалентно	
Воздушно перниче за возач	
Десет метални транспортни кафези	
Нелизгачки материјал на патос/под	
Полици за сместување на опрема	
ПП апарат С-6	
Гаранција на возилото со минимум 3 (три) години или изминати 100.000 км	
Апарат за дезинфекција на раце – опција	
Систем за навигација со полнач за навигација	
Цена во ден. + ДДВ 18%	3.000.000,00

8. Финансиска рамка

За целосно да се спроведе Програмата за работа во 2025 год. потребно е да се обезбедат финансиски средства за трошоци од бруто/нето плата на вработените. Со оглед на тоа што ЈКП "Комуналец" – Прилеп, нема приходи по овој основ, потребно е Локалната самоуправа да даде согласност за план за вработување на три дополнителни извршители за личен доход и по важечки колективен договор: Новогодишна награда, Регрес за годишен одмор и Јубилејна награда.

Р. бр.	Работна позиција	Извршител / 2024	Извршител /2025	Бруто плата/мес.	Вкупно годишно 2025	Вкупно годишно 2025
1	Доктор по ветеринарна медицина	1/12	1	42.496,00	509.952,00	509.952,00
2	Референт-шинтер	1/12	1	36.976,00	441.552,00	441.552,00
3	Заловувач на животни	2/12	4	35.156,00	842.374,00	1.684.748,00
4	Хигиеничар		1	30.799,00		369.588,00
ВКУПНО:		4/12	7/12		1.793.878,00	3.005.840,00

Табеларен приказ на додатоци на плата 2024/2025

Р. бр	Работна позиција	Извршители/месеци 2024	Извршители/месеци 2025	НН/ регрес за ГО	Вкупно годишно 2025	Вкупно годишно 2025
1	Доктор по ветеринарна медицина	1/12	1	30.434,00	30.434,00	30.434,00
2	Референт-шинтер	1/12	1	30.434,00	30.434,00	30.434,00
3	Заловувач на животни	2/12	4	30.434,00	60.868,00	121.736,00
4	Хигиеничар		1			30.434,00
ВКУПНО:		4/12 мес.	7/12 мес.		121.736,00	213.038,00

9. Финансиска рамка за трошоците за здравствена заштита на бездомни кучиња за 2025

Р. Бр.	Заловени и третирани кучиња	Број на кучиња	Вкупен трошок за здравствена заштита за едно куче	Вкупен трошок за здравствена заштита вкупно
1.	Здравствена заштита на	50	8.956,00	447.800,00

	машки кучиња			
2.	Здравствена заштита на женски кучиња	50	10.126,00	506.300,00
			Вкупно:	954.100,00

Р. Бр.	Цена на храната за кучиња за еден кг	Трошок за еден месец	Вкупен трошок за една година
1.	65,55,00	80кг	62.928,00
Вкупно:		5.244,00	62.928,00

Табеларен приказ на сите планирани трошоци за 2025 година:

Р. бр.	Трошоци за стационар	Количина	Ед. цена	Вкупно планирано за 2025
1	Гориво	900л	100,00	90.000,00
2	Потрошен материјал (вкупно)			60.000,00
3	Храна за кучиња		65.55,00	62.928,00
4	Потрошена енергија	KW		40.000,00
5	Потрошена вода	M3		10.000,00
7	Трошоци по тужби од граѓани за оштета			1.300.000,00
8	Трошоци ветеринарни услуги	100 кучиња	м447,800,00 ж506,300,00	954.100,00
Вкупно:				2,517,028,00

Вкупно потребни финансиски средства за 2025 година, за прифатилиштето за кучиња, непречено да функционира, Локалната самоуправа потребно е да обезбеди 5,735,906,00

10. Проценка на популација на бездомни кучиња во Прилеп

1. Вовед

Пренаселеноста со бездомни кучиња е сериозна грижа за јавното здравје и благосостојбата на животните и луѓето во Прилеп. Зоонозни болести како што се Беснило, Лајшманија, Ехинококоза се пренесуваат преку јавните површини, со каснување или преку вектори инсекти од куче скитник на човек и тоа е најголемиот проблем, особено во земјите со низок степен на развој. Тековната работа на прифатилиштето и оваа иницијатива за заедничка соработка е со цел да се процени популацијата на кучињата скитници во Прилеп, за да се подобри спроведувањето на програмата за воспоставување на контрола на бездомните кучиња и превенцијата од болести кај животните.

За да се процени големината на популацијата на кучиња, прифатилиштето ја искористи процедурата за идентификација и регистрација на бездомните кучиња и нејзината евиденција со анализа на бројката, користејќи два методи:

- формулата Линколн-Петерсен со корекција на Чепмен и
- теоријата на Гуд Туринг

Бројот на регистрирани бездомни кучиња во изминатите пет години се користи за да се процени бројот на бездомните кучиња во градот. Ова истражување ќе открие дека има значителен број на кучиња скитници кои живеат во урбаните области во Прилеп. Проценетиот број на кучиња скитници претставува потенцијална опасност за јавното здравје во Прилеп и затоа се бара проценка. Проценетиот број на кучиња скитници ќе помогне да се развие поголема контрола на популацијата на кучиња и беснилото како заразна зоонозна болест, како и програма во која можи да се вклучат логистички информации, трошоците за спроведување на програмата и воспоставување на контролата на бездомните кучиња во Прилеп.

Клучни зборови: #Прилеп #куче #број на кучиња скитници #јавно здравје

- Кучињата се првите видови кои биле припитомени и имаат блиска културна, социјална и економска поврзаност со луѓето. Домашните миленици се третираат како членови и приближно 50% од домаќинствата чуваат миленичиња. Докажано е дека имањето на домашните миленици, носи многу придобивки за луѓето.
- Куче скитник се дефинира секое куче на јавна површина што не е под директна човечка контрола. Затоа, овој термин опфаќа кучиња кои немаат сопственици и кучиња кои се во сопственост на заедницата, но ги исклучува кучињата на поводник или под директна човечка контрола за време на истражувањето (процена на популацијата на бездомни кучиња- ППБК 2025). Кучињата скитници можат да бидат или кучиња со претходна сопственост, или може да бидат диви кучиња кои никогаш не биле поседувани. Факторите како што се: лесна достапност на храна, недостатокот на предатори – дивеч и леснотијата со која може да се најде партнер за размножување може да доведат до брзо зголемување на популацијата на кучињата скитници.
- За разлика од здравствените придобивки за човекот кои што ги имаат кучињата миленичиња, кучињата скитници придонесуваат за загадување на животната средина, голема веројатност за каснување на човек и можат да дејствуваат како резервоари на многу важни зоонозни паразити (на пример, Toxocara, Ancylostoma и Echinococcus) преку фекална контаминација на почвата и водата и заразни болести (на пример, Беснило, Салмонелоза). Изметот на патогени од кучињата скитници ја контаминира животната средина, што претставува голема грижа за здравјето на луѓето и животните. Кучињата скитници, исто така, придонесуваат за инциденти како што се каснувања и несреќи и прават штета на другите популации од дивиот свет. Кучињата скитници имаат и значително негативно економско влијание на туризмот.
- Прекубројноста на бездомните кучиња е важна грижа за благосостојбата на животните и јавното здравје во нашата држава. Голем број кучиња шетаат по улиците во многу делови од земјата. Овој висок број на бездомни кучиња се должи на големите количини на отворен отпад (open garbage) достапен на улиците, културата на нетолеранција на домашните миленици и недостатокот на постојано применливи програми за контрола на неконтролираното размножување.
- Во рамките на нашата програма CNR (Catch, Neuter, Return) уличните кучиња се стерилизираат, се вакцинираат против Беснило и последователно се пуштаат во истата област од каде што се заловени. Програмата CNR е имплементирана во урбаната заедница во градот Прилеп.

2. Методи

2.1 Области за проучување

Истражувањето се спроведе во Прилеп, во југозападниот регион Пелагонија

(координати: 41°20’40” N 21°33’10”) од март – јуни 2023 година

Прилеп има површина од 1.675 km2 што опфаќа 19.29 km2 урбана област, вклучувајќи региони и села.

Прилеп има човечко население од 69.125 со густина од 58 луѓе/км2

2.2 Избор на региони и села

Градот има 56 населени места, кои сочинуваат 56 села, распостранети во 5 области.

Области:

(Прилепско поле)

- Алинци 171/0.3747км2
- Беровци 365/650м2
- Галичани 193/1100м2
- Мажучиште 275/450м2
- Мало Коњари 618/1225м2

(Раец) Беловодица 15, Голем Радобил 96, Мал Радобил 0, Никодин 1, Плетвар 9, Ракле 2, Топлица 0, Тројаци 7, Царевиќ 0.

(Мариово) Бешиште 14, Вепрчани 2, Витолиште 41, Врпско 0, Гуѓаково 0, Дрен 10, Дуње 10, Живово 0, Кален 5, Кокре 0, Крушеица 41, Манастир 3, Пештани 1, Полчиште 6, Чаниште 21.

(Прилеп) Бонче 22, Веселчани 36, Волково 34, Големо Коњари 613/1100м2, Дабница 2, Ерековци 217/400м2, Загорани 102, Кадино село 269/950м2, Крстец 0, Канатларци 1.202/1713м2, Лениште 2, Лопатица 19, Марул 15, Ново Лагово 224/1991м2, Ореовец 23, Подмол 110/600м2, Прилепец 4, Селце 271/880м2, Присад 4, Смолани 0, Старо Лагово 30, Тројкрсти 39, Чепигово 149, Чумово 6, Шелеверци 6, Штавица 41.

(Пелагонија) Клепач 91, Мало Рувци 2, Тополчани 310.

Од селата:

- 41 имаат < 50 луѓе
- 12 имаат < 500 луѓе
- 2 имаат > 500
- 1 > 1000 луѓе

2.3. Број на кучиња скитници

N е проценка на вкупната големина на популацијата, n1 е вкупниот број на кучиња обележани во 2022, n2 е вкупниот број на кучиња обележани во 2023, а m е бројот на обележани кучиња кои се повторно видени во 2023. Приближната непристрасна бројка на N е 579 кучиња на територијата на општина Прилеп.

$$N = \left[\frac{(n1+1)(n2+1)}{m+1} - 1 \right]$$

2.4 Статистички анализи

- Популацијата на кучиња скитници за секое село во областа/км2 се пресметува со делење на бројот на кучиња скитници во селото или областа со површината на селото или областа во км2.
- Популацијата на кучиња скитници/1000 возрасна човечка популација за секое село и област се проценува со делење на бројот на кучиња скитници во секое село и област со нивната бројка на возрасна човечка популација.

2.5 Број на бездомни кучиња во Прилеп

Според формулата Линколн-Петерсен со корекција на Чепмен, во прилеп, просечната проценка на популација бедомни кучиња изнесува 579

3. Дискусија

Ова е прва систематска проценка на популацијата на кучиња скитници во Прилеп.

Според официјалните податоци од извештаите од 2019 до Јануари 2024 година, се проценува дека во Прилеп има 561 заловени бездомни кучиња, а бездомната популација е проценета на 579.

Просечниот сооднос човек и бездомно куче во Прилеп, Република Северна Македонија е соодветно и еднакво на 10.

Просечната проценка на Светската Здравствена Организација е 1 куче/10 луѓе

Изработил:
Тања Барлакоска

Јавно комунално претпријатие „КОМУНАЛЕЦ" Прилеп со Ц.О. М.П.

ЈКП „Комуналец", Прилеп

Рубинчо Абрашоски
директор

Датум, 25.09.2024, Прилеп